РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 09-509/1
29.04.2024 год
ПЕХЧЕВО

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службенвесник на РепубликаМакедонија" бр. бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16и 99/18), Општина Виница на ден 29.04.2024 година, донесе:

**Одлука за спроведување на стратегиска оценa**

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 –локална депонија за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад, општина Пехчево, со својата местоположба припаѓа на територијата на КО Пехчево, Општина Пехчево,кој го донесува Општина Пехчево, потребно **е да се спроведе стратегискаоцена на влијанието врз животната средина** согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 –локална депонија за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад, општина Пехчево, Министерство за транспорт и врски,Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за култура-Управа за заштита на културното наследство, Министерство за здравство, Министерство за економија, Дирекција за заштита и спасување, А.Д. Водостопанство на Република Македонија",ЕВН,МЕПСО, Македонски телекумуникации, Комунални претпријатија, здруженија на граѓани, претставници од стопанскиот и граѓанскиот сектор и др.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од Член 65 став 4 од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината на образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегискаоцена, донесувањето на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 –локална депонија за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад, општина Пехчево,има влијание врз животната средина од следните причини: Од анализите се заклучува дека санацијата и конечното затворање на депонијата за комунален отпад е неопходна и дека реализацијата на овој проект ќе има голем придонес во интегрираното управување со отпад, но и генерално подобрување на состојбата на разгледуваните медиуми и области на животната средина. При реализирање на проектот, неопходно е доследна примена на сите предвидени мерки за спречување или ублажување на негативните влијанија во целокупната проектна документација...

4. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната www.pehcevo.gov.mk
.

Градоначалник на Општина
Александар Китански

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ПЕХЧЕВО

Бр.......................
.......................... година
Пехчево